бр. 03-40/2
18.07.23

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), а по овластување на Директорот на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар, согласно Решение број 04-65/4 од 25.01.2023 година, постапувајќи по Барањетото за пристап до информации од јавен карактер изјавено од предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 18.07.2023 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од поднесено до ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар како имател на информации заведено под бр. 03-40/1 од 06.07.2023 година **СЕ УВАЖУВА**.
2. ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар позитивно одговара на Барањето и го информира барателот дека поднесеното барање претставува барање за пристап до информации од јавен карактер.

### *Образложение*

на 20.06.2023 година преку пошта, поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер до ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар како имател на информации, заведено во архивата на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар под бр. 03-40/1 од 06.07.2023 година, со кое побара во фотокопија да му биде доставена следната информација:

1. Да ми се достави норматив за работа на училишен одбор на ООУ „11 Октомври" – Општина Центар, со цел јасно да се видат ингеренции (права и обврски) на членовите на УО (училишен одбор).

Постапувајќи по ова Барање за пристап до информации од јавен карактер, ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар Ве информира за следното:

1. Под т.1 – ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар не постои норматив за работа на училишен одбор, а бараните информации односно надлежностите на училишниот одбор се регулирани во член 108 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20)

Согласно погоре наведеното, ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Решено во ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар на 18.07.2023 година, под бр.03-40/2.

По овластување на Директор
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Мерлина Русева

Доставено до:
- архива на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар
- барател на информацијата